Macedonian




# Заштита од пожар за постари лица и лица со попреченост

Постарите лица и лицата со хендикеп се изложени на повисок ризик да бидат повредени или да не преживеат во пожар во својот дом. Тоа обично се случува кога хендикепот или болеста влијаат врз личната способност. Размислете за вашата ситуација. Дали намалениот слух или вид ќе значат дека со задоцнување ќе сфатите дека избувнал пожар? Дали намалената подвижност ќе влијае на тоа како безбедно би избегале од пожар во домот? Информациите во оваа брошура, заедно со книшката за заштита од пожар во домот се создадени за да ви помогнат да го намалите ризикот од пожар.

## Рано предупредување

Смртните случаи во пожари каде жртвите се постари лица или лица со хендикеп се случуваат почесто во домови каде детекторите за чад или не работат или не се поставени на право место. Раното предупредување е од витално значење за сите. Тоа е од клучно значење за лицата со хендикеп.

- **Повеќе од еден детектор за чад**
  Постоењето на повеќе од еден детектор за чад ја зголемува можноста за рано предупредување за пожар. Размислете за вас и за вашиот дом. Дали ги затворате вратите во некои делови од куќата? Во кој дел се наоѓа детекторот за чад? Доколку сте пушач, дали имате детектор за чад во секоја од собите во кои пушите? Дали понекогаш сте под дејство на лекови или алкохол? Дали ќе ве разбуди или предупреди детекторот за чад поставен на другиот крај од куќата?

Овој Информативен Лист треба да се подели заедно со брошурата за Заштита од пожари P448

- **Поврзани детектори за чад**
  Детекторите за чад може меѓусебно да се поврзат или со безжично поврзување или со едноставно поврзување со жица внатре во покривот. Тоа значи дека ако детекторот за чад работи во една соба од домот, ќе се активираат сите со него поврзани детектори за чад.
- **Детектори за чад за глуви лица и лица со оштетен слух**
  Детекторите за чад за глувите лица и лицата со оштетен слух работат така што се поврзани со трепкачка ламба и вибрирачка рампа поставена на креветот. За неа можеби имате право на субвенција од владини средства. Доколку сте кираџија во државен стан, за повеќе информации треба да стапите во контакт со локалната канцеларија за домување.
- **Детектори за чад поврзани со лични аларми**
  Кога детекторот за чад е поврзан со лични аларми тоа значи дека ако се активира детекторот за чад, ќе се јави сигнал за тревога во агенцијата за следење на лични аларми. Ваквите во моментот не се достапни преку програмата за лични аларми што е субвенционирана од владата.
- **Тестирање**
  Од клучно значење е секој месец да го тестирате вашиот детектор за чад. Замолете член на семејството, некој пријател или сосед да ви покаже како да го сторите тоа, или побарајте тие да го сторат тоа за вас.

## Реагирање при пожар

Градската противпожарна бригада или MFB им препорачува на лицата со намалени способности да излезат надвор, а не да пробуваат да се справат со пожарот. Имањето план за излегување од домот ќе осигура дека ќе можете безбедно да избегате во секаков итен случај, во секое време од денот и ноќта. Вежбајте го планот со негувател од семејството, пријател или сосед, за тие да можат да ви помогнат да увидите каде има подобрувања. Погрижете се:

- Да ја поставите спалната соба близу до некој излез,
- Да ја одржувате спалната соба средена, со добар пристап околу вашиот кревет и до вратата,
- Ноќе чувајте ги на дофат помагалата за движење во спалната соба,

- Заради лесна евакуација размислете ноќе да ги чувате отворени сите внатрешни врати,
- Доколку имате личен аларм, носете го кога спиете,
- Кога сте дома, ставете ги клучевите на вратите со клучалки или безбедносни екрани, и никогаш не ги заклучувајте вратите кога сте дома,
- Кога се евакуирате, одете по земја што е можно пониско за да го избегнете чадот,
- Излезете и останете надвор,
- Јавете се на три Нули (000) или запрашајте некој сосед да го стори тоа за вас.

Доколку не можете да излезете од домот без помош треба да:
- Чувајте телефон покрај креветот претходно програмиран за вртење на Три Нули (000),
- Свртете Три Нули (000), почекајте да се јави операторот и кажете FIRE (ПОЖАР), почекајте да ве поврзат, па кажете дека избувнал пожар и дека ви треба помош за евакуирање,
- Останете на линија за да можете да им кажете каде да ве најдат,
- Одете по земја најниско што можете и бегајте од чадот и топлината,
- Ако можете, затворете ја вратата во собата во која се наоѓате и ставете крпи, постелнина и/или алишта под вратата за да спречите да навлезе чадот.

## Други совети

- Погрижете се бројот на вашата куќа да се гледа јасно од улица за да можат службите за брза помош лесно да ви го пронајдат домот,
- Доколку имате секојдневни потешкотии со движење низ домот, тоа може да влијае врз можноста за ваше брзо безбедно евакуирање во итен случај. Размислете за проценка за физиотерапија и/или ерготерапија заради совети и информации со кои максимално ќе ги зголемите вашата независност и безбедност,
- Доколку имате потешкотии да се справувате со задачи како што е безбедно готвење, размислете да се обратите до локалната општина или приватен обезбедувач на такви услуги заради добивање помош околу и/или достава на оброците,
- Постојаното трупање на предмети значително го зголемува ризикот од избувнување на пожар и ќе ве оневозможи да избегате, расчистувајте ги ходниците и влезовите од натрупани предмети,
- Доколку користите медицински кислород, секогаш следете ги упатствата за безбедност наведени од добавувачот. Ако не го сторите тоа, ќе се зголемат шансите за пожар, а ќе се зголеми и неговата сила.

За понатамошни информации околу:

- Служби за ерготерапија/физиотерапија/лични аларми финансирани од државата, стапете во контакт со вашиот локален центар за здравје на заедницата

- Субвенции за детектори за чад за глуви лица или лица со оштетен слух, јавете се на Vicdeaf на 9473 1111 TTY (Линија за лица со оштетен слух или говор) на 9473 1199 info@vicdeaf.com.au

- Потпомогнато живеење, јавете се во Yooralla Independent Living Centre на 9666 4500 yooralla@yooralla.com.au

- Услуги и опрема за слепи лица или лица со оштетен вид, јавете се на Contact Vision Australia на 1300 84 74 66, info@visionaustralia.org.au

- Живот со деменција, јавете се на Alzheimer's Australia Vic на 9815 7800 alz@alzvic.asn.au

- Презентации за заштита од пожар за постари лица, детектори за чад или трупање предмети и ризик од пожар, јавете се во 'Отпорност на Заедницата' при Градската Противпожарна Бригада на (03) 9665 4464 – commres@mfb.vic.gov.au

**Metropolitan Fire Brigade (MFB) www.mfb.vic.gov.au**

© Metropolitan Fire & Emergency Services Board – P449K V1 – May 2012